**Исплатени уште двајца корисници на средства од ИПАРД програмата по петтиот Јавен повик (03/2011)**




По успешната реализација на инвестициите, двајца корисници кои потпишаа договор со Агенцијата за користење на средства од ИПАРД Програмата по Јавен повик 03/2011, добија средства од ЕУ фондовите наменети за рурален развој.

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој исплати 251.253,00 денари на корисникот ДООЕЛ АЛ ЈУНАЈТИД од Ресен за обновување на постоечките овошни насади. Од вкупно исплатените средства, 188.439,50 денари се средства од буџетот на ЕУ и 62.813,50 денари се средства од буџетот на РМ.

На корисникот ДЗСПУТ на големо и мало АГРО АЦЕВСКИ ДООЕЛ увоз - извоз од Битола се исплатени средства во износ од 211.447,50 денари од кои 158.585,50 денари се средства од буџетот на ЕУ, а 52.862,00 денари од буџетот на РМ. Средствата се наменети за инвестиции за обновување на постоечките овошни насади.